Арх.Бр.03-53/26

# ЈАВЕН ПОВИК БР. 01/2026

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА ТЕРЕНСКО МОТОРНО ВОЗИЛО СО ПОГОН НА СИТЕ ЧЕТИРИ ТРКАЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА

## МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Скопје , 25 Март 2026

Содржина


ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

I.ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

1.ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

2.СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

4.ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ

5. ОТВАРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

7.ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

9. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

II. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

III. МОДЕЛ НА ДОГОВОР

IV.ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

V. ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

VI. ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

VII. ИЗЈАВА ЗА СЕРИОНОСТ НА ПОНУДАТА

VIII. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНА ПОНУДА

**ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА**

Почитувани,

Договорниот орган Македонско еколошко друштво (МЕД), преку проектот: **„Намалување на ризикот од смртност кај глобално загрозените птици преку реновирање на опасните надземни далекуводи во Југоисточна Европа“ (Проект 101216021 — LIFE24-NAT-BG-EP for Birds LIFE),** проект за надворешни активности на Европската Унија, спроведуван од Македонско еколошко друштво во партнерство со ЕВН Македонија АД Скопје, објавува јавен повик за спроведување на постапка за доделување на договор за набавка на патничко моторно возило со погон на сите четири тркала.

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки со број **01/2026**.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда со целокупната документација за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка по пошта или да ја доставите лично на начин опишан во документацијата за јавниот повик на следнава адреса:

- улица „Тодор Скаловски“ бр. 9А, 1000 Скопје

најдоцна до 30.04.2026 во 15:00 часот задолжително со назнака „За јавен повик број 01/2026 “ и текст „да не се отвора пред датумот за евалуација на понудите“.

Со оваа покана Ви ја доставуваме и целокупната документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата. Документација по однос на повикот се состои од следните делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, изјава за сериозност на понудата, изјава за независна понуда и образец на понудата.

Однапред благодариме на соработката.

# I. ИНСТРУКЦИИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1 Дефиниции

1.1.1 Одредени поими употребени во оваа документација го имаат следново значење:

- „Договор за јавна набавка“ е договор од финансиски интерес склучен во писмена форма меѓу договорниот орган од една страна и носителот на набавката од друга страна, а чиј предмет е испорака на стоките кои претставуваат предмет на договорот;
- „Постапка за доделување на договор за јавна набавка“ е постапка што ја спроведува договорниот орган, чија цел или дејство е купување или стекнување на стоки;
- „Отворена постапка“ е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе понуда;
- „Документација за јавен повик “ е збир на документи, информации и услови кои претставуваат основа за изготвување, доставување и оценување на пријавата за учество, односно понудата;
- „Техничка спецификација“ е збир на технички услови, прописи, препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект кои стоките, услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка треба да ги задоволат;
- „Економски оператор“ е секое физичко или правно лице или група на такви лица кои на пазарот нуди стоки, услуги или работи;
- „Понудувач“ е секој економски оператор кој поднел понуда;
- „Понуда“ е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка;
- „Техничка понуда“ е дел од понудата со која се докажува исполнувањето на поставените технички барања и услови од тендерската документација;
- „Финансиска понуда“ е дел од понудата во кој се содржани понудените цени согласно со условите од тендерската документација;
- „Носител на набавката“ е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

- „Евалуација на понуда“ е оцена на поднесена понуда во постапката за доделување на договор за јавна набавка;
- „Прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите;
- „Писмено или во писмена форма“ е секој израз кој се состои од зборови или бројки кои можат да се прочитаат, множат и дополнително да се соопштат, како и информации кои се пренесуваат и чуваат со помош на електронски средства под услов сигурноста на содржината да е обезбедена и потписот да може да се идентификува;

**1.2 Предмет на договорот за јавна набавка**

1.2.1 Предмет на договорот за јавна набавка е 1 (едно) патничко моторно возило со погон на сите четири тркала.

**1.3 Договорен орган**

1.3.1 Договорен орган е Македонско еколошко друштво Скопје со седиште на адреса: Архимедова бр. 5, 1000 Скопје. Лице за контакт кај договорниот орган е Данка Узунова, со електронска адреса: uzunova@mes.org.mk

**1.4 Вид и начин на постапка за доделување на договор за јавна набавка**

1.4.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели по спроведување на постапка согласно интерните правила за спроведување постапки за доделување на договори во МЕД, опишани во Правилникот за финансии и сметководство од 2021 година.

**1.5. Право на учество**

1.5.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано правно лице од Република Северна Македонија кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка како и услуги поврзани со темата на постапката за доделување договори или група на понудувачи која ја претставува такво правно лице.

1.5.2. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество. Негативните референци може да се издадени или од страна на донаторот на овој проект, други донатори во Република Северна Македонија или од Бирото за јавни набавки (Министерство за финансии).

1.5.3. Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во соодветна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

1.5.4. Групата на понудувачи се должни со понудата да достават Договор за поднесување на групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка.

1.5.5. Лица што учествувале во изготвување на документацијата за постапката за доделување договор не може да учествуваат како понудувачи или членови на заедничка група во постапката за доделување договор.

**<u>1.6. Трошоци за поднесување на понуда</u>**

1.6.1 Понудувачот е одговорен за сите трошоци поврзани со подготовка и поднесување на понудата. Договорниот орган што го доделува договорот нема одговорност за овие трошоци без оглед на исходот од постапката за доделување на договорот.

**<u>1.7. Разлики во цена (корекција на цени)</u>**

1.7.1 Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за цело времетраење на договорот за набавка.

**<u>1.8. Спречување на судир на интереси</u>**

1.8.1. За спречување на судир на интересите во постапките за доделување на договори за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување судир на интереси.

1.8.2. Носителот на набавката не смее, при извршување на договорот за јавна набавка, да ангажира лица кои биле вклучени во евалуација на понудите поднесени во постапка за доделување на договор за јавна набавка, во времетраење на договорот. Во тој случај договорот се смета за ништовен.

1.8.3. Во постапката за доделување договор за јавна набавка, претседателот, заменикот на претседателот, членовите и заменицитe на членовите на комисијата за јавна набавка, како и одговорното лице потпишуваат изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка.

1.8.4. Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа на комисијата и се заменуваат со други лица.

**1.9. Начин на комуникација**

1.9.1. Дополнителните прашања во врска со повикот може да се достават на следниве адреси: uzunova@mes.org.mk или gjorgjievska@mes.org.mk. Прашањата може да се достават не подоцна од 15 дена од денот на објавување на повикот. Сите доставени прашања и одговорите на истите ќе бидат објавени на страницата на МЕД на која е објавен и овој оглас.

1.9.2. Понудата и придружната документација се испраќаат по пошта или се доставуваат лично во канцелариите на МЕД на следнава адреса : Македонско еколошко друштво ул. Тодор Скаловски бр.9А 1000 Скопје.

**1.10. Информации од доверлив карактер**

1.10.1. Договорниот орган ќе ги заштити информациите кои економскиот оператор ги има означено како доверливи, особено кога станува збор за деловна тајна или права од интелектуална сопственост, освен во случаите каде по сила на закон договорниот орган е должен да ги достави овие информации до надлежните органи (во случај на жалбена постапка, поведување на Управен спор и слично). За таа цел, економскиот оператор треба да направи листа на доверливи информации со користење на Образецот на листа на доверливи информации во прилог на оваа тендерска документација, и истата да ја достави заедно со својата понуда.

1.10.2. Доколку економскиот оператор не ја достави листата на доверливи информации заедно со својата понуда, договорниот орган ќе смета дека предметната понуда не содржи информации од доверлив карактер.

1.10.3. Цената на понудата не се смета за доверлива информација во ниту еден случај.

## 2 . СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

**Квалификации на понудувачите**

**Формални барања**

**2.2.1.**Почитување на рокот за поднесување на понуди – понудите мора да се достават во наведениот рок

**2.2.2.**Почитување на формата – понудите мора да се достават на образецот кој е даден во Прилог.

- Економските оператори понудата ја доставуваат во хартиена форма во запечатен внатрешен плик на кој се наведува полниот назив и адреса на економскиот оператор, најдоцна до крајниот рок на отворање на понудите. Така запечатениот внатрешен плик се затвора во надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган;
- содржи информација за бројот на огласот за доделување на договор за јавна набавка и датумот на кој е објавен;
- во горниот лев агол стои предупредување **„Не отворај до датумот на евалуација на понудите"**, за да не се отвора пред времето и датумот за отворање на понудата.
- При проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на економскиот оператор и при евалуација на понудата, комисијата може да побара од понудувачите да ги појаснат или дополнат документите за утврдување способност во рок од шест  работни дена од крајниот рок за поднесување на понудите.
- Бараното објаснување економскиот оператор го доставува во електронска форма, со прикачување на документот со појаснувањето или дополнувањето во делот во рокот кој го определил договорниот орган а кој не смее да е покус од пет работни дена, од денот на приемот на барањето од страна на понудувачот.
- Никакви промени во понудата, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се допуштат од страна на комисијата или од економскиот оператор.
- Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.
- Договорниот орган ќе го исклучи од постапката за доделување на договор за јавна набавка секој економски оператор на кој
    - во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
    - кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;
    - кој има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
    - на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
    - на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- кому му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност и
- кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги барал договорниот орган.

**2.2.3. Начин на докажување на способноста**

2.2.3.1. Со понудата економскиот оператор задолжително треба да ја достави и придружната документација со која ќе ги докаже:

**2.2.4. Личната состојба**

2.2.4.1 За докажување на својата лична состојба, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

2.2.4.2 Изјавата од алинеја 1 од потточка 2.2.4.1 ја изготвува во електронска форма и ја потпишува самиот економски оператор и истата не мора да биде заверена од надлежен орган.

2.2.4.3 Потврдите дека не е отворена постапка за стечај и постапка за ликвидација, како и потврдите од регистарот на казни за сторени кривични дела од потточка 2.2.4.1, ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран економскиот оператор. Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на овие потврди е Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2.2.4.4 Потврдата за платени даноци, придонеси и други давачки ја издава надлежен орган од земјата каде е регистриран економскиот оператор.

Во Република Северна Македонија надлежен орган за издавање на оваа потврда е Управата за јавни приходи.

2.2.4.5 Потврдата од алинеја 7 од потточка 2.2.4.1 ја издава надлежниот орган во државата каде е регистриран економскиот оператор. Во Република Македонија надлежен орган за издавање на оваа потврда е Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2.2.4.6 Документите од потточка 2.2.4.1 не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано наназад од крајниот рок за доставување на понудите.

2.2.4.7 Ако земјата во која е регистриран економскиот оператор не ги издава документите наведени во потточка 2.2.4.1 или ако тие не ги опфаќаат сите погоренаведени случаи, економскиот оператор може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

**2.3 Способност за вршење на професионална дејност**

2.3.1 За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.3.2 За докажување на својата професионална дејност, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- Документ за регистрирана дејност (ДРД образец) како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Профил на компанијата (референца).

## 3. ПОЈАСНУВАЊЕ, ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### 3.1 Појаснување на тендерската документација

3.1.1 Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во електронска форма, најдоцна 15 дена пред крајниот рок за поднесување на понудите.

3.1.2 Појаснувањето договорниот орган ќе го објави на својата веб страна на која е објавен повикот.

**3.2 Измена и дополнување на тендерската документација**

3.2.1 Договорниот орган го задржува правото најдоцна 6 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација.

3.2.2 Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата пропорционално на сложеноста на промената но не помалку од 6 дена.

## 4. ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

### 4.1 Содржина на понудата

4.1.1. Понудата треба да биде подготвена врз основа на оригиналната тендерска документација во електронска форма и се состои од следниве елементи:

- пополнет образец на понуда;
- Изјава за сериозност на понуда,
- Изјава за независна понуда
- пополнет образец на листа на доверливи информации (доколку постојат);
- документи за утврдување на личната состојба наведени во точка 2.2.4 од тендерската документација;
- документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.3.1 од тендерската документација;

4.1.2. Економскиот оператор задолжително треба да ги користи обрасците дадени во оваа тендерска документација при што тие мора да се пополнети без никакви измени на нивната форма, во спротивно понудата може да биде отфрлена како неприфатлива.

4.1.3. Економскиот оператор понудата ја изготвува и доставува врз основа на електронските обрасци на понуда дадени во оваа тендерска документација. Доколку на дадениот образец на понуда во оваа тендерска документација економскиот оператор не може целосно и сеопфатно да ја изрази својата понуда, може да користи друг образец на која ќе ја достави својата понуда под услов таквиот образец да ги содржи сите елементи од образецот на понуда даден во оваа тендерска документација. Понудата поднесена на образец на понуда кој не ги содржи сите елементи согласно тендерската документација ќе биде утврдена како неприфатлива.

**4.2 Јазик на понудата**

4.2.1 Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата се доставува на македонски јазик.

4.2.2 Печатената литература може да биде и на друг јазик. Договорниот орган го задржува правото во фазата на евалуација на понудите да побара од понудувачот да изврши превод на печатената литература која е поднесена на друг јазик.

**4.3 Цена на понудата**

4.3.1 Економскиот оператор во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената за секој дел поединечно, заедно со рокот на испорака.

4.3.2 Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на економскиот оператор, да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Понудената цена треба да ги вклучува и увозните царини доколку ги има, а истите треба да бидат искажани и посебно. Оттука, предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени увозни царини без ДДВ.

4.3.3.Цената на понудата се пишува со бројки и букви

4.3.4. Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот ќе побара писмено објаснување за причините за таквата цена на понудата и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата, пред одбивање на понудата. Ако економскиот оператор во рокот определен од комисијата, не успее писмено да објасни кои се причините за таквата цена, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.

**4.4 Валута на понудата**

4.4.1 Цената на понудата се изразува во денари. Македонскиот денар ќе се користи како валута за евалуација на понудите.

**4.5 Период на важност на понудата**

4.5.1.Понудите треба да важат 30дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите, за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Доколку денот на отворањето на понудата е неработен, периодот на важноста на понудата се смета од наредниот работен ден. Понудата што важи за пократок период од предвидениот, договорниот орган ја отфрла како понуда што не одговара на условите.

**4.5.2. Доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата.**

#### 4.6 Изјава за сериозност на понуда

4.6.1. Во прилог на понудата, понудувачот задолжително доставува електронски потпишана Изјава за сериозност на понудата согласно член 47 став 1, 3, 5 и 6 од Законот за јавни набавки, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со исклучување од натамошната постапка и издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

4.6.2. Изјавата за сериозност на понудата се доставува заедно со понудата во оригинална форма и истата ќе биде активирана доколку понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда

4.6.3. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

4.6.4. Доколку понудувачот ја прекрши дадената изјава, договорниот орган го исклучува од натамошната постапка.

4.6.5. За објавувањето на негативната референца договорниот орган ќе одлучи со одлуката за избор или за поништување на постапката, а истата ќе биде објавена во рок од 3 (три) работни дена од денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

#### 4.7 Изјава за независна понуда

4.7.1 Во прилог на понудата, понудувачот доставува електронски потпишана Изјава за независна понуда, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.

4.7.2 Во случај на групна понуда, Изјава за независна понуда доставуваат електронски (потпишуваат) сите членови на групата поединечно.

**4.8 Принцип на една понуда**

4.8.1 Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поединечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**4.9 Алтернативни понуди**

4.9.1 Во оваа постапка за доделување на договор за јавна набавка не се дозволени алтернативни понуди.

**4.10 Измена, замена и повлекување на понудата**

4.10.1 Понудувачите можат да ги изменат, заменат или повлечат своите понуди по поднесување на понудата, под услов измените, замените или повлекувањата да се доставени до договорниот орган пред крајниот рок за поднесување на понуди наведен во точка 4.10.

4.10.2 Понудата не може да биде изменета, заменета или повлечена по крајниот рок за поднесување на понудите предвиден во точка 4.10.

4.10.3 Повлекувањето на понудата во периодот помеѓу крајниот рок за поднесување на понудите и истекувањето на периодот на важност на понудата ќе резултира со активирање на Изјавата за сериозност на понудата, согласно точка 4.6.

**4.11 Податоци за техничката понуда**

4.11.1. Техничката понуда мора особено да ги содржи соодветните параметри специфицирани во техничката спецификација која е составен дел од тендерската документација.

## 5. ОТВОРАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

**5.1 Отворање на понудите**

5.1.1. Отворање на понудите

Отворањето на понудите нема да биде јавно. Понудите ќе ги отвора Комисија за евалуација, најрано пет (5), а најдоцна десет (10) дена по крајниот рок за доставување на понудите.

Во текот на отворањето на понудите задолжително се води записник.

**5.2. Модел за оцена на понудувачите и понудите**

Комисијата за евалуација ги оценува понудувачите и понудите врз основа на следниов модел:

| ФОРМАЛНИ БАРАЊА (ЕЛИМИНАЦИОНИ) | |
|---|---|
| Понуда поднесена во бараниот рок | Да/Не |
| Комплетна понуда | Да/Не |

| КРИТЕРИУМИ ЗА СООДВЕТНОСТ (ЕЛИМИНАЦИОНИ) | доставени | валидни |
|---|---|---|
| Докази за утврдување на лична состојба (се оценува способноста за сите барања и услови, посебно) | Да/Не | Да/Не |
| Докази за утврдување на способност за вршење професионална дејност | Да/Не | Да/Не |
| Докази за утврдување на техничката или професионалната способност (се оценува способноста за сите барања и услови, и за економскиот оператор и за сите експерти посебно) | Да/Не | Да/Не |

| КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР Економски најповолна понуда | 100 бодови |
|---|---|
| Елемент 1 - Карактеристики на квалитет (Техничка понуда) | 70 бодови |
| Елемент 2 – Финансиска понуда | 30 бодови |

Понудувачот мора во целост да се придржува кон формалните барања и критериумите за соодветност, во спротивно понудата нема да се разгледува.

1) Карактеристики на квалитет (Техничка понуда)

Квалитетот за техничката понуда се оценуваат според следната методологија.

- Секој евалуатор засебно го бодува техничкиот квалитет на секоја од понудите кои ги поминале елиминационите барања - Формални барања и Критериуми за соодветност.

- За секоја понуда се пресметува вкупен број бодови за технички квалитет по евалуатор. Овој број бодови се пресметува како збир од бодовите на соодветните поделементи. Детали за начинот на пресметување на бодовите за секој поделемент се дадени подолу.
- Крајниот вкупен број бодови за технички квалитет на секоја понуда се пресметува како средна вредност од поединечните вкупни бодови за технички квалитет на евалуаторите за дадената понуда.

| **Перформанси за бодување** | **Максимални бодови** |
|---|---|
| $CO_2$ емисии, | **10** |
| Јачина на мотор, | **5** |
| Потрошувачка на гориво | **10** |
| Багажен простор | **5** |
| Растојание од земја | **10** |
| Зафатнина на мотор | **10** |
| Цена на редовен сервис | **10** |
| Време на испорака | **10** |
| **Максимален број на бодови** | Покрај минималните критериуми, возилото ќе биде оценувано и според критериуми кои можат да варираат. При тоа, овие критериуми заедно носат 70 бодови. Секој критериум се оценува поединечно, при што возилото со најдобри перформанси за дадениот критериум ги добива максималните бодови, а сите други возила се оценуваат за истиот критериум и добиваат пропорционален број на бодови, пресметано според формулата:<br><br>Бодови = (перформанси x максимален број на бодови)/ најдобри перформанси. |

2 ) Финансиска понуда

Цената на понудата ќе се пресметува како вкупна цена без данок на додадена вредност, при што максимален број на бодови (30) ќе добие понудата која има најниска понудена цена. Бодовите за елементот „цена“ кај другите понуди ќе се пресметаат според следнава формула:

$$\text{Број на бодови} = \frac{\text{Најниска понудена цена (без ДДВ)} * \text{Максимален број бодови}}{\text{Понудена цена (без ДДВ)}}$$

**5.2.1.** Договорот ќе му биде доделен на понудувачот со економски најповолна понуда, односно понудувачот што добил најмногу бодови од сите поделементи од елементот економски најповолна понуда.

**5.2.2.** Ако е пристигната само една понуда, тогаш таа мора да ги исполнува минималните бодови за елементот од критериумот економски најповолна понуда за да биде избрана за склучување на договор.

**5.2.3.** Доколку во текот на постапката за доделување договор, најповолната прифатлива понуда согласно условите на постапката е со цена повисока од износот на планираните средства, договорниот орган ќе преговара со понудувачот или ќе ја поништи постапката.

**5.2.4.** Избраниот понудувач ќе биде запознаен со одлуката по писмен пат, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката.

**5.2.5.** Понудувачите што не биле одбрани ќе бидат запознаени по писмен пат, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката.

**5.3 Доверливост на процесот на евалуација на понудите**

Ниту една информација во врска со разгледувањето, оценката и споредбата на понудите во процесот на евалуација нема да им се откријат на економските оператори или на кои било други лица што не се службено вклучени во тој процес.

**5.4 Исправка на аритметички грешки**

5.4.1 Ако понудата е прифатлива и е составена и доставена во согласност со тендерската документација, договорниот орган ги коригира аритметичките грешки на следниот начин:

- ако постои не совпаѓање меѓу зборовите и бројките, преовладува износот што е напишан со зборови.
- ако постои разлика помеѓу единечната цена и вкупната цена, тогаш преовладува единечната цена.

5.4.2 Комисијата за јавни набавки ќе ги коригира грешките во понудата според опишаната постапка и таа ќе се смета обврзувачка за понудувачот.

5.4.3. Ако економскиот оператор не ја прифати корекцијата на аритметичките грешки, понудата ќе биде отфрлена и ќе биде активирана Изјавата за сериозност на понудата.

5.4.4 Појаснување на понудите

5.4.5 Поднесување дополнителни документи по истекувањето на рокот не се прифаќа.

## 6. ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 6.1 Доделување на договорот за јавна набавка

6.1.1 Нацрт-одлуката за избор на најповолен понудувач ја донесува Комисијата за евалуација заедно со извештајот за евалуацијата, се испраќа до извршниот директор на договорниот орган, кој носи одлука за избор за најповолен понудувач.

6.1.2 Договорниот орган, по донесување на конечната одлука за избор на најповолен понудувач, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда ќе биде оценета како економски најповолна.

6.1.3. Договорниот орган ќе го достави договорот до избраниот најповолен понудувач во 4 (четири) примероци на потпишување.

6.1.4. Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот во рок од 7 (седум) календарски дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице.

### 6.2 Известување за доделување на договорот за јавна набавка

6.2.1. Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во електронска форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од спроведената постапка.

**6.3 Правна заштита**

6.3.1. Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавните набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањето за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка. Правото на жалба во постапка во однос на утврдување на способноста на понудувачите и целосната евалуација на првичните понуди се остварува по донесување на одлуката за избор на најповолен понудувач или поништување на постапката. Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на:

- Приемот на записникот од спроведениот технички дијалог во однос на дејствијата или пропуштањето за преземање на дејствија поврзани со спроведување на технички дијалог,
- објавувањето на огласот за доделување на договор за јавна набавка во однос на податоците, дејствијата или пропуштањето за преземање дејствија од огласот,
- отворањето на понудите во однос на дејствијата или пропуштањето за преземање дејствија поврзани со тендерската документација, односно постапката за отворањето на понудите,
- истекот на рокот за донесување одлука за избор или за поништување на постапка согласно со членот 162 став 2 од ЗЈН во однос на пропуштањето за донесување на одлука за избор или за поништување на постапката во соодветниот рок,
- приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуацијата на понудите и одлуката или
- сознанијата за незаконско водење на постапка за доделување на договор за јавна набавка, најдоцна во рок од една година од денот на завршувањето на спроведената постапка.

6.3.2. Економскиот оператор кој пропуштил да изјави жалба во однос на одредбите од потточка 6.3.1. Нема право на жалба во подоцнежната фаза на постапката за истиот правен основ.

6.3.3. Жалбата треба да ги содржи следниве елементи:

> податоци за подносителот на жалбата (име презиме, назив на економскиот оператор, адреса на престојувалиште и седиште),

> податоци за застапникот или полномошникот,

> назив и седиште на договорниот орган,

> број и датум на постапката за доделување на договор за јавна набавка и податоци за огласот за доделување на договор за јавната набавка,

> број и датум на одлуката за избор на најповолна понуда, поништување на постапката или други одлуки на договорниот орган,

> податоци за дејствијата или пропуштањето за преземање на дејствија од страна на договорниот орган,

> опис на фактичката состојба,

> опис на неправилностите и образложение по истите,

> предлог на докази,

> жалбеното барање и/или барање за надомест за трошоците на постапката и

> потпис на овластено лице.

6.3.4. Подносителот на жалбата кој нема седиште на територијата на Република Северна Македонија е должен да определи полномошник за прием на писмена.

6.3.5. Жалбата се изјавува до надлежниот орган. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган. Денот на поднесување на жалбата по препорачана пошта се смета за ден на поднесување. Во случај на лично поднесување на жалбата договорниот орган е должен да му издаде на подносителот потврда за времето на приемот.

**<u>6.4 Склучување на договорот за јавна набавка</u>**

6.4.1. Договорниот орган ќе го достави договорот за јавна набавка до избраниот најповолен понудувач во 4 (четири) примероци на потпишување.

6.4.2. Избраниот најповолен понудувач има обврска да го потпише договорот за јавна набавка во рок од 7 (седум) дена од денот на добивање на договорот и истиот да му го врати на договорниот орган. Договорниот орган презема обврска на избраниот најповолен понудувач да му го испрати потребниот број на примероци од договорот откако истиот ќе го потпише овластеното лице на договорниот орган.

6.4.3. Доколку избраниот најповолен понудувач не го потпише договорот во рокот утврден во точка 6.4.2, договорниот орган го задржува правото да смета дека избраниот најповолен понудувач се откажал од склучување на договорот и да ја активира гаранцијата на понудата/изјавата за сериозност на понуда и да објави негативна референца.

## 7. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА

### 7.1 Начин на плаќање

**7.1.1** Се предвидува следниов начин на плаќање: Економскиот оператор треба да достави фактура која е предмет на набавката.

Начинот на плаќање е задолжителен.

Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

Македонско еколошко друштво, на економскиот оператор ќе му ја исплати фактурираната вредност без ДДВ најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена, сметано од денот на приемот на фактурата во архивата.

Проектот во рамките на кој се реализира оваа набавка е проект за надворешни активности на Европската Унија и е регистриран во Централната база на податоци на базата на Република Северна Македонија за странска помош (CDAD). Во Договорот помеѓу Владата на РСМ и ЕУ стои клаузулата дека донираните средства не можат да се користат за плаќање на јавни давачки во РСМ, па според тоа проектот е ослободен од ДДВ и вредноста на договорот за набавка, на носителот на набавката од страна на Македонско еколошко друштво, ќе му биде исплатена без вклучен ДДВ.

### 7.2 Рок и место на испорака

7.2.1 Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на набавката во рок од 90 календарски дена од денот на потпишување на договорот согласно бараното во техничката спецификација и прифатената понуда во канцеларијата на Македонско еколошко друштво на следната адреса: улица „Тодор Скаловски“ бр. 9А, 1000 Скопје. За извршената испорака двете договорени страни потпишуваат документ - испратница и/или записник. При испорака на возилото, понудувачот е должен да достави:

- потврда за сообразност со која потврдува дека возилото се сообразно со сите регулативни акти во моментот на нивното пуштање на пазар во нашата земја,
- упатство за употреба на возилото,
- сервисна книшка за редовно сервисирање на возилото и
- гаранција за возилото.

7.2.2 Рокот и местото на испорака се задолжителни. Секоја понуда која содржи рок и место на испорака поинакви од тие утврдени во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за јавни набавки.

**<u>7.3. Разлики во цена (корекција на цени)</u>**

7.3.1. Корекција на цените на предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени.

**<u>7.4. Авансно плаќање</u>**

7.4.1. За извршување на договорот за јавна набавка не е дозволено авансно плаќање.

## 8. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

8.1 Договорниот орган може да ја поништи постапката за доделување на договор за јавна набавка ако:

• бројот на кандидати е понизок од минималниот број предвиден за постапките за доделување на договор за јавна набавка.

• не е поднесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда,

## 9. ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

9.1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

**9.2 ПОСТАПКАТА СЕ ПОНИШТУВА**

• се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди,

• настанале непредвидени промени во буџетот на договорниот орган,

• понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот,

• оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци, до моментот на отворање на понуди

• поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган или

• договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно со членот 210 од овој закон.

• избраниот понудувач се откаже од склучување на договорот

## II.ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВОЗИЛОТО

| | |
|---|---|
| Тип на возило: | Теренско возило |
| Погон | Погон на сите четири тркала (4x4) |
| Број на врати | 5 |
| Број на седишта | 5 |
| Мотор: | Бензин/хибрид, Еуро VI ,,или еквивалент,, |
| Зафатнина | Минимум 1100 $cm^3$ |
| Моќност | Минимум 80 kW |
| Трансмисија | Мануелен/автоматски минимум 5 брзини |
| Управувач | Серво управувач |
| Должина на возилото | минимум 400 cm |
| Растојание од земја (клиренс) | минимум 20 cm |
| Боја | / |
| Задолжителна стандардна опрема: | - Клима уред<br>- Патен компјутер<br>- Ограничувач на брзина<br>- Систем против блокирање на сопирачките (ABS) ,,или еквивалент”<br>- Електронска контрола на стабилноста (ESP) ,,или еквивалент”<br>- Предни воздушни перничиња за возач и совозач<br>- Странични воздушни перничиња за возач и совозач<br>- Централно заклучување со далечинско управување<br>- Соодветен радио уред со навигација и „Bluetooth“ конекција<br>- Задни паркинг сензори<br>- минимум 16” фелни<br>- управувач прилагодлив по висина и длабочина<br>- возачко седиште прилагодливо по висина<br>- Резервно тркало или стандардна опрема за помош на пат<br>- светла за магла |
| Гаранција: | Минимум 2 години или изминати 100.000км |
| Рок на испорака | до 90 дена |

**III. МОДЕЛ НА ДОГОВОР**

***НАПОМЕНА: Договорниот орган го задржува правото на измена на моделот на договорот пред потпишување на истиот.**

**Модел на Договор**

**ДОГОВОР ЗА КУПОПРОДАЖБА НА МОТОРНО ВОЗИЛО**

Склучен во Скопје на ___________

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

(1) ____________________ ПРОДАВАЧ и
(2) **МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО** КУПУВАЧ.

**ПРЕДМЕТ:**

**Член 1**

(1) Предмет на овој договор е купопродажба на теренско моторно возило _______________ кое продавачот го продава, а купувачот го купува во целост.

Техничка спецификација:

Технички карактеристики:

(2) Предметот определен во став 1 на овој член се набавува за потребите на купувачот, а во врска со **проектот „Намалување на ризикот од смртност кај глобално загрозените птици преку реновирање на опасните надземни далекуводи во Југоисточна Европа“ (Проект 101216021 — LIFE24-NAT-BG-EP for Birds LIFE)**

**ЦЕНА:** ______________

**Член 2**

(1) Предметот од член 1 на овој договор продавачот го продава за договорена купопродажна цена од ____________ **денари**, без вклучен данок на додадена

вредност (ДДВ). Проектот е ослободен од ДДВ согласно член 24-а од Законот за данок на додадена вредност.

(2) Покрај купопродажната цена од став (1) на овој член, купувачот е должен да плати и данок на моторни возила во износ од _______________ **денари**, согласно одредбите од Законот за данок на моторни возила.

(3) Вкупниот износ за плаќање по основ на овој договор изнесува ____________________ **денари**, при што договорните страни констатираат дека, со оглед на тоа што платениот данок на моторни возила за реализација на проекти финансирани со парични средства од странски донатори се враќа на имплементаторот на проектот (Купувачот), согласно член 16 став (1) од Законот за данок на моторни возила, конечниот финансиски товар на купувачот по овој договор изнесува _________________ **денари.**

(4) Продавачот е должен да изготви и достави до купувачот фактура (образец ДДВ-ФП-ДОО) со јасно изразена купопродажна цена од став (1) и посебно искажан данок на моторни возила од став (2) на овој член.

**ПРАВА И ОБВРСКИ:**

**Член 3**

(1) Продавачот му гарантира на Купувачот дека тој е единствен и вистински сопственик на патничкото моторно возило од член 1 на овој договор, дека не постои кое било друго стварно право или товар, односно нема никакви права со кои се ограничува или товари, дека не постои одлука на било кој орган односно суд со која би му се забранило или ограничило правото на користење и располагање со истата, дека не е предмет на судски спор, присилно извршување, дека не е склучен никаков друг акт со кој е веќе располагано со патничкото моторно возило и изјавува дека доколку такви се јават се обврзува да застане во заштита на купувачот (евикција) и му одговара со сета причинета штета.

(2) Купувачот изјавува дека е запознаен и согласен со ваквата изјава на продавачот.

**Член 4**

(1) Продавачот со потпишување на овој Договор изјавува дека возилото што го продава нема скриени мани и технички е исправно и дека возилото го предава според дадените спецификации во понудата од Јавен повик бр. **01/2026**.

(2) Купувачот со потпишување на овој Договор изјавува дека го прегледал возилото и се уверил во неговата техничка исправност како и дека истото е без скриени мани.

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОБВРСКИ:**

**Член 5**

*(1)* Со потпишување на овој договор Купувачот изјавува дека ја прифаќа целосно понудата доставена според Јавен повик **01/2026** во целост и дека е согласен да го купи и плати теренското возило по купопродажна цена определена во член 2 на Договорот.

**Член 6**

*(1)* Овој договор договорните страни го склучуваат по исклучиво сопствена волја, без принуда и без да бидат доведени во заблуда или измамени.

**Член 7**

*(1)* Во случај на спор, договорните страни се договорија истиот да го решат спогодбено, а во спротивно надлежен ќе биде Основен суд Скопје.

**Член 8**

*(1)* Овој договор е сочинет од 3 (три) примероци, од кои по еден за договорните страни а еден за потребите на надлежните институции.

*(2)*

______________________________________ ______________________________________

| **ПРОДАВАЧ** | **КУПУВАЧ** |
|---|---|
| ______________________________________ | **МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО** |
| **преку Управител** | **преку Претседател** |
| ______________________________ | ______________________________ |

**IV.ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА**

IV.1.1.Име на понудувачот: ______________________________________________

IV.1.2. Контакт информации

- Адреса: ____________________________________________________________

– Телефон: _________________________________________________________

– Факс: _____________________________________________________________

– Е-пошта: __________________________________________________________

– Лице за контакт: ___________________________________________________

IV.1.3. Одговорно лице: ___________________________________________________

IV.1.4. Даночен број: ______________________________________________________

IV.1.5.Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка согласно со цените и роковите на испорака дефинирани во Листата на цени и рокови на испорака.

IV.1.6. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- пополнет образец на Понуда составена од
- IV.1 ОПШТ ДЕЛ и IV.II ЛИСТА НА ЦЕНИ И РОКОВИ НА ИСПОРАКА,
- пополнет образец на листа на доверливи информации (ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува),
- документи за докажување на личната состојба,
- документ за докажување на способноста за вршење на професионална дејност,
- изјава за сериозност,
- изјава за независна понуда,

IV.1.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 169 од Законот за јавните набавки.

**IV.2. ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка на информатичка опрема, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација од тендерската документација.

**ТЕРЕНСКО ВОЗИЛО СО ПОГОН НА СИТЕ ТРКАЛА**

| | |
|---|---|
| Тип на возило: | |
| Погон | |
| Број на врати | |
| Број на седишта | |
| Мотор: | |
| Зафатнина | |
| Моќност | |
| Трансмисија | |
| Управувач | |
| Должина на возилото | |
| Растојание од земја (клиренс) | |
| Боја | |
| Задолжителна стандардна опрема: | |
| Гаранција: | |
| Рок на испорака | |

Во целост ги исполнуваме барањата на техничката понуда ( одговорете со да или не) ________________________________________

**<u>IV.3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА</u>**

Цената на понудените патничкимоторни возила е следнава:

| Ред. Бр | Патничко моторно возило | Модел, марка на возилото и производител | Единечна мера | Количина | Единечна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Теренско возило (4x4) | | Парче | 1 | |

**<u>Напомена:</u>**

*Задолжително да се пополни податок за модел, марка и производител на понудениот производ.

**Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци (увозни царини, акцизи, трошоци за хомолагација, трошоци за редовно сервисирање во гарантен рок, како и сите други трошоци доколку ги има) и попусти на економскиот оператор и да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно. Оттука предмет на евалуација ќе биде вкупната понудена цена со вклучени сите трошоци без ДДВ.

**Вкупна цена** на нашата понуда изразена со бројки и со букви изнесува: ______________________________________________________________________________________________

____________________ **без ДДВ,.**

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

____________________________

Овластено лице

___________________________________

(Име и презиме, потпис и печат)

V. ОБРАЗЕЦ НА ЛИСТА НА ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

| Информации кои се доверливи | Бројот на страниците со тие информации | Причини за доверливост на тие информации | Временски период во кој тие информации ќе бидат доверливи |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

(ако нема доверливи информации, образецот не мора да се доставува)

## VI. ОБРАЗЕЦ ЗА ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ[1]

| | |
|---|---|
| *1. Назив на економскиот оператор / претставник на група економски оператори / член на група економски оператори:* | |
| *2. Адреса на седиштето:* | |
| *3. Телефон:* | *4. Контакт:* |
| *6.e-mail:* | |
| *7. Место на основањето/регистрацијата:* | *8. Година на основањето/регистрацијата:* |
| *9. Основни дејности на економскиот оператор:* | |

[1] Во случај на групна пријава за учество, образецот со општи информации се пополнува за секој член на групата на економски оператори.

## VII. ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА

И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме] врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот______________________________ ______________________________________________ *изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност*.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен со последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање на негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| _________________________ | __________________________ |
| | (потпис)* |

**VIII ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНА ПОНУДА**

**И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот* _____________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот _____________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата *од* __________________________________________________________________________________________ ________________ [*да се наведе видот на постапката и договорот за јавна набавка и бројот на огласот/поканата*] ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата.

Истовремено, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека при доставувањето на *понудата за постапката бр.* ____ не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што може да доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

________________　　　　　　　　　　　　　　　　_____________________

(потпис)**

**Изјавата за независна понуда не може да гласи на ниту едно друго лице освен на одговорното лице.*